# З А П И С Н И К

**од триесет и вториот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации**

**за 2025 година**

Триесет и вториот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 09.12.2025 година во 15:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, д-р Адмирим Алити, Анѓелка Диневска, Насер Адеми и Анкица Трпковска и Jeton Akiku, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата, како и Предлог дневниот ред:

1. Усвојување на дневниот ред за триесет и вториот состанок на Комисијата на АЕК во 2025 година;
2. Усвојување на записникот од триесет и првиот состанок на Комисијата на АЕК;
3. Усвојување на Годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2026 година, која ги содржи планираните активности за наредната година и Финансискиот план за наредната година на Агенцијата за електронски комуникации, и донесување на Одлука по завршена јавна расправа;
4. Разно.

Претседателот на Комисијата на АЕК го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите членови на Комисијата на АЕК се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за триесет и вториот состанок во 2025 година на Комисијата на АЕК .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанокот.

Во врска со предлогот од точка 3 членовите на Комисијата ја разгледаа Годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2026 година за која е завршена јавната расправа по што сите ја изгласаа програмата за 2026 година.

Под точка разно немаше дискусија.

Седницата заврши во 17:00 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател

Анкица Трпковска, заменик претседател

д-р Адмирим Алити, член

Анѓелка Диневска, член

Насер Адеми, член

Наш број 1102-54/2

Скопје 17.12.2025 година